Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

# УСЛОВИ ЗА РАБОТА

**Физичко/правно лице за изработка на промотивни видеа**

## За проектот

Балкански млади: Поврзување на едукацијата, способностите и партнерскиот потенцијал во регионалните практики за вработување е меѓународен проект кој се спроведува во Белгија, Црна Гора, Турција Босна и Херцеговина, Албанија, Србија и Северна Македонија. Главната цел на проектот е да придонесе за младински претприемачки можности и да ги зајакне перспективите за вработување на младите од Западен Балкан. Проектот започна да се имплементира во март 2020 година, а ќе трае до февруари 2023 година.

## За ангажманот

Избраниот понудувач ќе треба да подготви 2 кратки промотивни видеа кои ќе бидат дел од кампања за застапување поврзана со претприемништво. Секое видео треба да биде во времетраење од најмногу 3 минути во HD резолуција погодна за споделување на социјални медиуми од кои едното треба да биде анимирано видео.

Понудувачот треба да:

- се погрижи видеата да бидат лесно разбирливи и наменети за пошироката јавност;
- ги прилагоди видеата за објавување на интернет и телевизија;
- селектира локации за снимање и логистички ги организира снимањата;
- поседува исправна опрема за снимање видео и аудио материјал;

Продуктот( видеата) кои ќе произлезе од ангажманот ќе останат во сопственост на Национален младински совет на Македонија.

## Очекувани резултати

Се очекува понудувачот да ги исполни следните задачи:

- Разработка на креативен и идеен концепт/ сценарија во соработка и согласност со насоките и материјалите кои ќе бидат доставени од тимот на Национален Младински совет на Македонија;
- Снимање на видеата;
- Монтирање и постпродукција на снимениот материјал која ќе вклучува и додавање текст, превод на албански јазик и други графички елементи утврдени во соработка со НМСМ;

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**Критериуми**

- Искуство во подготовка на видеа;
- Да располага со соодветни технички и човечки капацитети за навремено, целосно и квалитетно спроведување на активностите кои се предмет на набавката и
- Да има претходно релевантно искуство во подготовка на видеа и да достави портфолио со досега сработени проекти (листа со линкови кои водат до продуцираните видеа).

**Начин на аплицирање**

Сите заинтересирани правни или физички лица потребно е да достават документи до **09.02.2023 година**, на applications@nms.org.mk, со наслов **„Апликација за изработка на видеа – By Leap – назив/име и презиме".** Во апликацијата потребно е да се содржани следните документи:

- Кратки професионални биографии на лицето/лицата кои ќе бидат ангажирани за спроведување на активностите што се предмет на договорот;
- Портфолио со досега сработени проекти (листа со линкови кои водат до продуцираните видеа);
- Финансиска понуда (документ во прилог, Анекс 3);
- Тековна состојба на добавувачот (доколку е правно лице), не постара од една година;
- Потпишана изјава (доколку се работи за правно лице) дека нема правни пречки за реализација на активноста (документ во прилог, Анекс 4);
- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност, (документ во прилог, Анекс 5);